Macedonian | Македонски

NSW STATE EMERGENCY SERVICE

# Донесувајте **безбедни одлуки** за време на цунами

## Знајте ги предупредувањата




**Бирото за метеорологија** ќе издаде **предупредување за набљудување**, **поморско предупредување** или **предупредување за копно** во зависност од ризикот од цунами. Бирото ќе издаде **Прекин на набљудување за цунами** или **Прекин на предупредување за цунами** кога главната закана ќе помине или кога нема да се појави цунами.

**SES на Нов Јужен Велс** ќе ги издаде следните предупредувања во зависност од нивото на ризик од цунами:

### Совет - Бидете информирани

Се издава кога постои можност да се случи цунами.

### Совет - Следете ги условите

Ова предупредување се издава кога ќе помине заканата од цунами.

### Совет - Намалена закана, вратете се претпазливо

Ова предупредување се издава кога е безбедно да се вратите во евакуираните области.

### Предупредување за вонредни ситуации - Избегнувајте ја областа

Се издава кога постои закана од цунами за морските области и може да бидат погодени океаните и крајбрежјето. Ова предупредување ги упатува членовите на јавноста да избегнуваат користење на морските области.

### Предупредување за вонредни ситуации - Евакуирајте се

Се издава кога постои закана од цунами за крајбрежните копнени области. Ова предупредување им наложува на граѓаните да се евакуираат од областа за евакуација.




Во ситуации опасни по животот, јавете се на **три нули (000)**

За итна помош при поплава, невреме или цунами, јавете се на **NSW SES** на **132 500**.

**www.ses.nsw.gov.au/languages**

@NSWSES NSWSES NSWSES

Macedonian | Македонски

# Донесувајте безбедни одлуки за време на цунами

## Дејствувајте безбедно

Можеби ќе има малку време за подготовка - мора да дејствувате веднаш.

Следете ги сите совети дадени во предупредувањето за цунами:




**Предупредувањето за вонредни ситуации - Избегнувајте ја областа** - излезете од водата и оддалечете се од крајбрежните области и проточните води кои се поврзани со океанот.



**Предупредувањето за вонредни ситуации - Евакуирајте се** - оддалечете се најмалку 1 километар во внатрешноста на копното. Ако не можете да заминете, појдете во цврста зграда, најмалку 10 метри над вообичаеното ниво на морето.



Ако сте во плитки, крајбрежни води – вратете се на брегот, прицврстете го вашиот чамец и оддалечете се од водата.



Ако сте далеку од брегот - одете понатаму во подлабока вода.

- Слушајте и посматрајте ги природните знаци на цунами.
- Сирената за вонредни ситуации може да се огласи на некои локации доколку има закана од цунами.
- Може да биде испратена текстуална или снимена гласовна порака до оние што се наоѓаат во погодената област.
- Штом ја примите оваа порака, советуваме да ги следите чекорите за безбедност.
- Не чекајте ја оваа порака ако сте слушнале за неа од други извори.



Во ситуации опасни по животот, јавете се на **три нули (000)**

За итна помош при поплава, невреме или цунами, јавете се на **NSW SES** на **132 500.**

**www.ses.nsw.gov.au/languages**

@NSWSES NSWSES NSWSES

Macedonian | Македонски

# Донесувајте безбедни одлуки за време на цунами

## Следете го вашиот план за евакуација од цунами

- Одете пеш до вашата безбедна област; не возете бидејќи патиштата може да бидат блокирани од прекумерен сообраќај.
- Погрижете се вашите соседи, семејството и пријателите да се запознати со најновите предупредувања.
- Земете го со вас комплетот за итни ситуации.
- Слушајте го вашето локално радио и телевизија за најнови вести.

## Ако сте се евакуирале

Бирото за метеорологија ќе издаде **Прекин на набљудување за цунами** или **Прекин на предупредување за цунами** кога ќе заврши заканата од цунами.

SES на Нов Јужен Велс ќе издаде **совет: Вратете се претпазливо** кога е безбедно да се вратите во погодената област.

Не се враќајте во погодените области додека службите за итни ситуации не објават дека е безбедно. Можеби нема да биде безбедно да се вратите долго време.







Центри за обнова по катастрофа и центри за евакуација може да бидат основани после цунами.

Организирајте одење на безбедно место што е надвор од погодената област од цунами, на пример во куќата на пријател или роднина. Ако ова не е опција, одете во центар за евакуација.

Останете подалеку од погодената област од цунами и не одете да разгледувате.

Во ситуации опасни по животот, јавете се на **три нули (000)**

За итна помош при поплава, невреме или цунами, јавете се на **NSW SES** на **132 500**.

**www.ses.nsw.gov.au/languages**

@NSWSES  NSWSES  NSWSES

Macedonian | Македонски

# Донесувајте безбедни одлуки за време на цунами

## Ако сте заглавени



Јавете се на **SES на Нов Јужен Велс** на **132 500** ако ви треба итна помош или на **три нули (000)** ако сте во ситуација опасна по животот.

Ако сте на безбедна локација и не ви треба итна помош, останете таму и чекајте помош.

## Ако можете

Помогнете им на другите кои имаат потреба ако можете и само ако е безбедно.

Продолжете да слушате информации, совети и најнови известувања.



Во ситуации опасни по животот, јавете се на **три нули (000)**

За итна помош при поплава, невреме или цунами, јавете се на **NSW SES** на **132 500.**

**www.ses.nsw.gov.au/languages**

@NSWSES NSWSES NSWSES